Бр./Nr 12-2731/1

02-09-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната :

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2613/1 од 02.10.2024 година, против поранешни раководни лица на ЈЗУ -------- -- -------------- -- ---------------- -- --------------- ------------------- ---------------, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што Државната комисија за спречување на корупцијата за наводите од пријавата има постапено и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-2613/1 од 02.10.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметната пријава поднесена од непознат подносите е доставена на надлежно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на Државниот управен инспекторат. Истата содржи наводи за незаконско постапување и злоупотреба на службената положба од страна на директор и раководни лица на ЈЗУ -------- -- -------------- -- ---------------- -- --------------- -------------------- ----------------.

Државната комисија по разгледување на пријавата констатира дека веќе се има произнесено за наводите од пријавата, постапувајќи по предмет оформен по пријава со исти наводи и на својата 15-та седница одржана на 21.02.2025 година има донесено одлука од своја надлежност со број 12-853/1 од 25.02.2025 година, со која постапката се запира поради тоа што за дел од наводите на пријавата било

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

постапено од други надлежни органи и биле преземени мерки, а за останатите наводи било утврдено дека не се потврдуваат.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Изработил: П.Б, советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на Сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk